12-291/3
24-07-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-тата седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-882/1 од 26.02.2024 година, оформен по пријава со наводи за незаконитости во постапување на службени лица во постапка за отуѓување на земјиште на територијата на Општина /// каде се наоѓа археолошки локалитет, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Со оглед дека пријавените наводи содржат околности кои се од поширок јавен интерес, ДКСК одлучи пријавата со прибавената документација да ја достави на натамошно постапување на друг надлежен орган - Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-882/1 од 26.02.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител - Здруженија и организации од градот ///, на ден 26.02.2024 година, поднесена е пријава во која е изразено незадоволство од донесена одлука на ДКСК по предмет оформен по пријава со наводи за злоупотреба на службената положба на службени лица при преземање на дејствија во постапка за отуѓување на земјиште на територијата на Општина /// во индустриската зона /// на кое се наоѓа Археолошкиот локалитет ///, и оформен е предмет број 12-882/1 од 26.02.2024 година.

Во пријавата подносителот изразува сомневање дека службени лица ја злоупотребиле службената положба на начин што го довеле во опасност постоењето на посочениот археолошки локалитет, бидејќи овозможиле преземање на дејствија во насока на негова продажба по пат на јавно наддавање, за што локалната власт на 8 декември 2023 година донела одлука. Одлуката наводно била донесена и покрај тоа што во септември 2023 година од страна на органите на /// било одлучено ДУП бр./// од /// година да се суспендира додека не се направи студија за оцена на влијанието на културното наследство. Според наведеното во пријавата, во август 2022 година Советот на Општина /// донел Одлука за управување со можност за отуѓување по цена од 71 денар за метар квадратен, иако за локалитетот постојат две Решенија за локалитет, од 1983 и од 1998 година, при што истиот е впишан на листата на УНЕСКО и внесен во Планот за управување со светското културно наследство на Охридскиот регион усвоен од Владата на Република Северна Македонија.
Подносителот на пријавата смета дека во постапувањето на ДКСК не била земена предвид Одлуката на Советот на Општина /// за управување со археолошкиот локалитет со можност за отуѓување од 26.08.2022 година.

ДКСК изврши увид во постапувањето по предметот со број 12-9396/1 од 29.11.2023 година во чии рамки е донесена одлуката на која се однесуваат наводите од пријавата по која е оформен предметот со број 12-882/1 од 26.02.2024 година.

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Општина ///, до Управата за заштита на културното наследство, до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и до Министерството за култура и туризам.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК и во документацијата доставена во прилог на пријавата по која е оформен предметот со број 12-882/1 од 26.02.2024 година, како и во документацијата доставена во прилог на пријавата по која е оформен предметот со број 12-9396/1 од 29.11.2023 година, утврдено е следното:
Видно од документацијата прибавена во рамки на постапувањето по предметот со број 12-9396/1 од 29.11.2022 година, во постапката на донесување на Урбанистичкиот план за вон населено место за индустриска зона /// КО /// – вон град, Општина /// со плански период 2013-2023 година, биле разгледани аспектите на заштита на културното наследство.

Имено,

- од страна на Управата за животна средина во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање во 2014 година до Општина /// е доставено известување во врска со барање информации за отпочнување постапка за изработка на планска документација за индустриска зона ///, со кое Управата ја известува Општина /// дека просторот кој е предмет на изработка на планска документација со намена Г2-лесна индустрија, не влегува во граници на заштитено подрачје.
- до Министерството за култура од страна на Општина /// било доставено известување за организирање на јавна анкета и јавна презентација на урбанистичкиот план
- од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј /// до Секторот за урбанизам и заштита на животна средина при Општина ///, во 2014 година било доставено мислење во врска со барање за изработка на Заштитно-конзерваторски основи за изработка на УПВНМ – индустриска зона ///, Општина /// – дека НУ Завод и музеј - /// не е надлежен при изработка на заштитно – конзерваторски основи за изработка на конкретниот Урбанистички план затоа што предметниот урбанистички опфат не припаѓа во границите на заштитената споменичка целина „///" ниту во нејзината контактна зона. Во дописот е содржана информација дека на наведениот плански опфат не постојат евидентирани или поединечно заштитени објекти или археолошки локалитети, и дека заради тоа, не е потребна изработка на заштитно-конзерваторски основи за урбанизација на наведениот опфат. Воедно, во дописот е посочена обврска во одредбите на планскиот опфат да стои дека при изведба на земјени работи на просторот неопходно ќе биде присуство на археолог кој ќе ги следи работите и ќе ги евидентира, документира и ќе ги преземе сите мерки во случај на откривање на остатоци од постари градби, со оглед на тоа дека во непосредна близина на објектот има присуство на заштитени археолошки локалитети.
- од страна на Управата за заштита на културното наследство во 2014 година било издадено Мислење во однос на вграденост на мерките за заштита на културното наследство во планската документација на УП – дека потребните податоци од аспект на заштита на културното наследство пропишани од Управата, се целосно вградени во планската документација, и дека постапката за донесување на планот може да продолжи
- од страна на Управата за заштита на културното наследство во 2013 година било констатирано дека во рамки на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

По Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување урбанистички план вон населено место за индустриската зона ///, КО /// – вон град, Општина ///, плански период 2013-2023 со бр./// донесена од Советот на Општина /// на ///2015 година Уставниот суд на Република Северна Македонија донел Решение за отфрлање на Иницијативата (У.бр./// од /// година).
Уставниот суд оценил дека со Одлуката се донесува урбанистички план вон населено место за индустриска зона ///, КО /// – вон град, Општина ///, плански период 2013-2023. Во Решението на Уставниот суд е наведена границата на планскиот опфат и наведени се катастарските парцели со кои опфатот граничи, кои не влегуваат во дефинираниот плански опфат.
Видно од Решението /// од ///2024 година, Уставниот суд има донесено и Решение /// од ///2022 година со кое не повел постапка за оценување на уставноста на Одлуката за донесување урбанистички план вон населено место за индустриската зона ///, КО /// – вон град, Општина ///, плански период 2013-2023 со бр./// донесена од Советот на Општина /// на ///2015 година. Имено, во постапката /// Судот утврдил дека Советот на Општина /// ја спровел постапката за изготвување и донесување одлука за донесување урбанистички план вон населено место со почитување на сите фази на постапката предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање.
Во однос на оспорувањето на Одлуката бидејќи истата е спротивна на членови од Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, Судот утврдил дека од доставената документација за спроведената постапка за оспорениот Урбанистички план, локалната самоуправа презела мерки во смисла на пронаоѓање и заштита на светското културно и природно наследство во Охридскиот регион, зачувување на границите на светското културно и природно наследство како и начинот на управување со истото на начин што писмено доставила барање до повеќе надлежни институции.
Во однос на наводите од Иницијативата со кои е изразен сомнеж за злоупотреба на службената положба од страна на одговорните лица од НУ /// – /// и ///, во поглед на издавање мислења и податоци со невистинита содржина, Судот оценил дека не е надлежен да го испитува сомнежот за евентуална злоупотреба на службената положба и овластување во поглед на содржината на исправите издадени за потребите на постапката, како и содржината на донесените урбанистички планови, туку за уставноста и законитоста на постапката во која тие се донесуваат.
Заводот за заштита на спомениците на културата и народен музеј - /// има донесено две Решенија за утврдување својство на споменик на културата на Археолошкиот локалитет /// (///), во 1998 година и во 1983 година.
Во приложената неофицијална верзија на Предлог-програма во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна

Македонија на подрачјето на Општина /// за 2024 година, меѓу градежните парцели кои се предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање може да се идентификува и УПВНМ – Индустриска зона ///, КО ///, вон град, Општина ///. Според приложениот извадок од Записник од ///-тата седница на Советот на Општина /// одржана на ///.2022 година, по оваа Предлог-програма имало расправа на посочената седница на Советот на Општина ///.
Во Известување доставено на барање на ДКСК Општина /// извести дека границата на плански опфат за изработка на УПВНМ Индустриска зона /// КО /// – вон град, Општина ///, плански период 2013-2023 се наоѓа надвор од границите на Археолошкиот локалитет /// (///). Имено, Археолошкиот локалитет /// (///) се наоѓа во КО ///.
Во однос на постапката за отуѓување на градежно државно земјиште во Индустриската зона /// КО ///, Општина /// ја извести ДКСК дека согласно Законот за градежно земјиште отуѓени се две градежни парцели по пат на електронско јавно наддавање за што е склучен Договор за отуѓување на градежно земјиште со најповолниот понудувач /// (/// од /// година солемнизиран под /// од /// година) за објект со намена /// за /// и Договор за отуѓување на градежно земјиште со најповолниот понудувач /// (/// од /// година солемнизиран под /// од /// година) за објект со намена /// за ///. Со допис од јануари 2026 година Општина /// ја извести ДКСК дека за двете градежни парцели течат роковите за изградба на објектот за чија намена е продадено земјиштето. Известувањето на Општина /// по доставеното барање од страна на ДКСК упатува на тоа дека во текот на 2023 година Советот на Општина /// нема донесено одлука за продажба на земјиштето кое се наоѓа во Индустриската зона /// КО ///. Во однос на наводите за донесена одлука од страна на локалната власт на ///година, за продажба на земјиште на кое се наоѓа археолошки локалитет, Општина /// извести дека на ден /// година нема донесено одлука за продажба на земјиштето кое се наоѓа во индустриската зона /// КО ///.

Утврдената фактичка состојба упатува на тоа дека при донесувањето на Урбанистичкиот план вон населено место за индустриска зона /// КО /// – вон град, Општина ///, со плански период 2013-2023 година, биле разгледани аспектите на заштита на културното наследство. Во однос на постапката за уставноста и законитоста на постапката за донесување на Урбанистичкиот план вон населено место за индустриска зона /// КО /// – вон град, Општина /// се произнел и Уставниот суд на Република Северна Македонија.
Во однос на наводите дека службени лица кои во пријавата не се именувани ја злоупотребиле службената положба на начин што го довеле во опасност постоењето на посочениот археолошки локалитет бидејќи овозможиле преземање на дејствија во

насока на негова продажба по пат на јавно наддавање, фактичка состојба не упатува на тоа дека органите на Општина /// имаат донесено одлука за продажба на земјиште кое се наоѓа на археолошки локалитет.

Сомнежот за евентуална злоупотреба на службената положба и овластување во поглед на содржината на исправите издадени за потребите на постапката за донесување на Одлуката за донесување урбанистички план вон населено место за индустриската зона ///, КО /// – вон град, Општина ///, плански период 2013-2023 со бр./// донесена од Советот на Општина /// на ///2015 година, како и содржината на донесените урбанистички планови не биле предмет на постапување на Уставниот суд на Република Северна Македонија ниту на други надлежни органи.

Истовремено, околностите на утврдената фактичка состојба упатуваат на тоа дека:

- во непосредна близина на предметното земјиште има присуство на заштитени археолошки локалитети (Мислење од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј /// од 2014 година)
- отуѓувањето по пат на јавно наддавање на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија кое се наоѓа во Индустриска зона ///, КО /// може да се идентификува во Предлог-програма во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина /// за 2024 година и било предмет на расправа на Советот на Општина ///
- Општина /// веќе има спроведено постапка за отуѓување на градежно државно земјиште во Индустриската зона /// КО ///, по што во 2020 година има склучено два договора за отуѓување на градежно земјиште со најповолниот понудувач ///.

Од сето горе наведено, ДКСК констатира дека во предметниот случај се работи за околности од кои произлегува дека во непосредна близина на земјиштето за кое во пријавата е наведено дека е предмет на продажба има присуство на заштитени археолошки локалитети. Притоа, од прибавената документација од другите надлежни институции произлегува дека постои сомнеж дека надлежните институции не презеле целосни дејствија и активности со кои би се спречила урбанизација на градежно земјиште кое се наоѓа во близина на археолошки локалитети кои се од културно значење. Исто така, постои сомневање дека службени лица во општината овозможиле преземање на дејствија во насока на негова продажба по пат на јавно наддавање и го довеле во опасност постоењето на посочениот археолошки локалитет.
Имајќи го предвид наведеното и имајќи предвид дека предметните наводи се однесуваат на поширок јавен интерес, ДКСК цени дека постојат основи за околностите на утврдената фактичка состојба да го извести Јавното обвинителство на Република Северна Македонија

до кого оцени дека постојат основи предметот заедно со релевантната документација да го достави на натамошно постапување.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН., член/anëtar